ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 15.01.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Реализирана работна средба со Црвениот Крст на Македонија

Директорот на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова беше домаќин на работна посета на Генералниот секретар на Црвениот крст на Македонија, Саит Саити и Секретарот на Црвениот крст на Скопје, Сузана Тунева Пауновска.

Целта на работната посета беше презентирање на активностите кои ги презема Црвениот Крст на Македонија, на планираните проекти за 2014 година, како и модалитетите на соработка меѓу Фондот за здравствено осигурување и Црвениот крст на Македонија. На состанокот стана збор и за превентивните програми на Црвениот крст, прашањето за здравственото осигурување на бездомниците, крводарителските акции во Република Македонија и беше договорено да се потпише Меморандум за соработка во областитите во кои ќе се реализира соработката меѓу Фондот и Црвениот крст.



Директорката Парнарџиева Змејкова истакна дека е секогаш отворена за соработка со сите здруженија и институции кои придонесуваат во подигнувањето на свеста кај граѓаните како и од важноста за редовни како и превентивни здравствени контроли, со цел подобра благосостјба на сите граѓани, за што се договорија предавања на определени целни групи.